**Архивски број: 08-116/1**
**Датум: 30.12.2024 година**

Врз основа на член 33 и член 53 од Статутот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, Одлуката за објавување на интерен оглас за избор и именување на претседатели на Регионални одбори на СОНК бр.08-113/1 од 27.12.2024 година, како и Критериумите за избор и именување на претседатели на регионални одбори на СОНК бр.0801-117/2 од 29.10.2021 година, Советот на СОНК на 30.12.2024 година го објавува следниот

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за избор и именување на претседател на Регионален одбор на СОНК – Делчево**

1. Советот на СОНК објавува ИНТЕРЕН ОГЛАС за избор и именување на претседател на Регионален одбор на СОНК – Делчево.
2. Кандидатот за претседател на Регионален одбор на СОНК – Делчево, во својата апликација, треба да ги достави следните податоци:
   - лични податоци (име и презиме, телефон и електронска пошта);
   - установа во која е вработен со број на членови во синдикалната организацијана СОНК;
   - времетраење на членување во СОНК;
   - кратка синдикална биографија;
   - визија за поквалитетно работење на Регионалниот одбор на СОНК – Делчево;
   - Програма за работа на Регионалниот одбор на СОНК – Делчево за наредниот мандатен период.
3. Рокот за поднесување на апликацијата за претседател на Регионален одбор на СОНК – Делчево изнесува 10 дена од денот на објавување на интерниот оглас, односно до 08.01.2025 година.
4. Апликацијата за претседател на Регионален одбор на СОНК – Делчево треба да се достави по електронска пошта: sonk@sonk.org.mk.
5. Комисијата за избор и именување на претседатели на регионални одбори на СОНК, со секој кандидат ќе спроведе интервју, кое ќе се одржи на 15.01.2025 година, во време за кое кандидатот ќе биде дополнително известен.
6. Секој кандидат за изборот/неизборот за претседател на Регионален одбор на СОНК – Делчево, благовремено ќе биде известен по писмен пат.
7. Патните трошоци за присуството и спроведувањето на интервјуто со кандидатите за претседател на Регионален одбор на СОНК - Делчево ќе се покријат од средствата на Регионот, во висина на повратен автобуски билет.

**Претседател,**
**Јаким Неделков**


Самостоен синдикат за
образование, наука и култура на
Република Македонија - СОНК

ул. „Маџир Маало" бр. 36, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3 115 011
www.sonk.org.mk
sonk@sonk.org.mk